РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП
07 Су.бр.15/23-4
07.12.2023 година

Врз основа на член 43 од Законот за судска служба (Сл. Весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 6/2016, 198/2018, 248/2018, 235/2022) по спроведената постапка по објавениот Интерен оглас број 1/2023 на Основен суд Прилеп за кариерно унапредување на судски службеници и Предлог-одлуката 07 Су.бр.5/2023-4 од 06.12.2023 година на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеници за работно место - Самостоен судски референт - водител на писарница, Категорија Г, ниво Г –1, шифра СУД 01 01 Г01 001, Судскиот администратор на Основен суд Прилеп, на ден 07.12.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
за избор за кариерно унапредување

За работното место Самостоен судски референт - водител на писарница, Категорија Г, ниво Г –1, шифра СУД 01 01 Г01 001 , се избираат кандидатите:

- Весна Лазареска
- Даниела Јовеска
- Сашо Ангелески

По конечноста на одлуката за избор, за избраните кандидати ќе се донесе решение за унапредување на судски службеник.

## Образложение

По добиена согласност од Судскиот буџетски совет на РСМ бр.08-438/5 од 15.11.2023 година и Известувањето на Министерството за финансии бр.18-11748/2 од 13.11.2023 година, Основниот суд Прилеп објави интерен оглас бр.1/2023 за кариерно унапредување на 3 (тројца) судски службеници во звање Самостоен судски референт - водител на писарница, Категорија Г, ниво Г –1, шифра СУД 01 01 Г01 001.

По спроведената постапка за селекција за унапредување на судски службеници согласно со Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, формата, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работно место за кои е објавен интерниот оглас, („Службен весник на РСМ“ бр.275/20), Комисијата за селекција за унапредување до Судскиот администратор на судот достави Предлог-одлука на кандидати за унапредување 07Су.бр.5/2023-4 од 06.12.2023 за избор на кандидати за кариерно унапредување на судски службеници за работното место Самостоен судски референт-водител на писарница. Со предлог - одлуката се предложени кандидатите Весна Лазареска, Даниела Јовеска и Сашо Ангелески.

Согласно член 43 став 1 од Законот за судска служба, судскиот администратор односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, во рок од три дена од добивањето на предлогот е должен да донесе одлука за избор.

Имајќи ја во предвид наведената законска одредба, како и Предлогот на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеници за работното место Самостоен судски референт - водител на писарница, Категорија Г, ниво Г –1, шифра СУД 01 01 Г01 001, Судскиот администратор донесе одлука како во изреката.

Основен суд Прилеп на ден 07.12.2023 година.

ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП
Судски администратор,
Сашо Темелкоски

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа Одлука незадоволниот судски службеник има право на жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на писменото известување за извршен избор преку Основен суд Прилеп до Советот на судска служба.